Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 28.03.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1870/2 | 1 | |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на Независна ТВ ДООЕЛ Охрид, емитувана на 25 и на 27 март 2014 година**

***Утврдени прекршувања:***

1. **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (за време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути)

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 25 март 2014 година | Од 18:41:29 до 18:56:51 – Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата | Во периодот од 18 до 19 часот, емитуван е митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, со времетраење од 15 минути и 22 секунди, што е за – 7 минути и 22 секунди повеќе од дозволениот лимит – 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања, и за 3 минути и 22 секунди е повеќе од дозволениот лимит од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма. |

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 27 март 2014 година | Од 23:00:00 до 23:11:23 – Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;<br><br>Од 23:56:14 до 24:00 – Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата | Во периодот од 23 до 24 часот, емитувани се делови од митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, со вкупно времетраење од 15 минути и 9 секунди, што е за – 7 минути и 9 секунди повеќе од дозволениот лимит – 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања, и за 3 минути и 9 секунди е повеќе од дозволениот лимит од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма. |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 25 и на 27 март 2014 година, на програмата на Независна ТВ ДООЕЛ Охрид, во реалните часови од 18 до 19 часот и од 23 до 24 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**